РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.34.УП.011.05

# УПАТСТВО
# ЗА ПРИВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ НА СТОКА И ЗБИРНА ДЕКЛАРАЦИЈА

АВГУСТ 2023

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 02.07.2019 | Прво издание | / | / |
| 02 | 06.04.2021 | Второ издание | Нови<br>Изменети<br><br>Дополнети<br><br>Изменета нумерација | Точка 18 и 49<br>Точки 4, 7, 8,48,51 и 58.<br><br>Точка 49.<br><br>Точки од 18 до 59 |
| 03 | 31.12.2021 | Трето издание | Изменети | Точки 49 и 62 |
| 04 | 14.03.2023 | Четврто издание | Изменети<br><br>Дополнети<br><br>Избришана<br><br>Нови<br><br>Изменета нумерација | Точки 16, 20, 31, 32, 35, 43, 48, 59, 62 и 77<br><br>Точки 51, 52<br><br>Точка 7<br><br>Точки 51, 52 и 70<br><br>Точки од 7 до 81 |

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 05 | | Пето издание | Изменети<br><br>Дополнета<br><br>Нова<br><br>Изменета нумерација | Точки 32, 43, 49 и 81<br><br>Точка 12<br><br>Точка 44<br><br>Точки 45 до 82 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл. весник на Република Македонија" бр. 46/04, 81/05, 107/07,103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија, донесе

# УПАТСТВО ЗА ПРИВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ НА СТОКА И ЗБИРНА ДЕКЛАРАЦИЈА

## I. Општи одредби

1. Со ова упатство се уредува начинот и постапката спроведена од страна на надлежните царински органи при сместување на стоката во простории за привремено чување, видови на простории за привремено чување и постапка на издавање на одобрение во Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (во понатамошниот текст: СОЦДАД).

2. Електронската декларација за привремено чување е задолжителна, додека хартиените декларации се применуваат во случај на примена на резервна постапка.

3. Поднесувањето на збирна декларација за привремено чување и извршувањето на формалностите поврзани со привремено чување, задолжително се врши со употреба на техника за електронска обработка на податоци, при што своерачните потписи на економските оператори се заменуваат со дигитален потпис[1].

## II. Употребени поими и дефиниции

4. СОЦДАД е систем составен од повеќе модули, од кои модулот за збирна декларација за привремно чување е наменет за размена на електронски пораки помеѓу економските оператори и надлежните царински органи, како и помеѓу самите царински органи, при сместување на стоката во просторија за привремно чување.

[1] За да можат економските оператори да поднесуваат извозни декларации и да ги извршуваат формалностите со користење на СОЦДАД мора да им се одобри пристап до СОЦДАД, подетално опишано во Прирачникот за начинот, постапката и условите за одобрување на пристап до Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД).

5. МЕОС е подсистем во СОЦДАД за управување со економски оператори и одобренија.

6. Одобрени места се места каде стоката се чува под царински надзор и под услови одобрени од страна на царинскиот орган.

7. Реден број на движење е единствен број на збирната декларација за привремено чување доделен од модулот за привремено чување во СОЦДАД (во понатамошниот текст: РБД).

8. Привремено чување на стока не е царинска постапка. Привремено чување е состојба во која стоката ставена на увид на царинскиот орган по нејзиното внесување во царинското подрачје на Република Северна Македонија има статус на привремено чувана стока сѐ додека не и се одреди царинско дозволено постапување или употреба.

9. Стоката за која е побарано привремено чување може да се чува единствено на места одобрени од страна на царинскиот орган.

10. Местата кои царинскиот орган ги определил или одобрил за сместување на стока за привремено чување се нарекуваат простории за привремено чување.

11. Просторијата за привремено чување е опфатена со член 61 став 1 од Царинскиот закон (во понатамошниот текст: ЦЗ) и членовите 98-100 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (во понатамошниот текст: УСЦЗ)2.

12. Надлежни царински органи се:
    - царинска испостава каде стоката е ставена на увид - за одобрување на просторија за привремено чување во случај кога просторијата е место на царински терминал, со самото прифаќање на збирна декларација за привремено чување,
    - надлежна царинарница, во зависност од местото каде се наоѓа просторијата за издавање одобрение или за измена на издаденото одобрение за просторија за привремено чување,

[2] Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон со сите нејзини измени, како екстерни акти се објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа

- надзорен царински орган - Служба за надзор на иматели на одобренија (во понатамошниот текст СНИО), во случаи на прием на барање за издавање или за измена на одобрение за просторија за привремено чување, вршење на иницијална контрола кај подносители, односно иматели на одобренија, како и надзор над правилно спроведување на постапката,
- царински испостави за ставање на стока во постапка, односно за завршување на постапката утврдени во рубрика 5 од одобрението за просторија за привремено чување.

## III. Простории за привремено чување

13. Како просторија за привремено чување, царинскиот орган може да одобри:
    - просторија, затворен или отворен простор со кој управува лице кое поднесува збирна декларација за привремено чување,
    - места во царински склад,
    - царински склад тип Ф со кој управува самиот царински орган, во кој е определен дел од простор за привремено чување на стока,
    - место во царински терминал и
    - посебно определени простори и простории.

14. Стоката се сместува во просторија за привремено чување врз основа на збирна декларација за привремено чување, дадена во Прилог 17 од УСЦЗ. Се поднесува од лице кое поседува одобрение за просторија за привремено чување, а може да биде:
    - лицето кое ја внело стоката на царинското подрачје,
    - лице кое ја презело одговорноста за превезување на стоката по нејзиното внесување,
    - авионска или транспортна компанија,
    - застапникот на претходно наведените лица.

15. Збирна декларација за привремено чување поднесува лицето кое има одобрение за просторија за привремено чување на стока и кое има пристап до модулот за привремено чување во СОЦДАД.

16. Царинскиот орган го издава одобрението за просторија за привремено чување (во електронска форма во СОЦДАД во подсистемот МЕОС, како и на образец

Одобрение за просторија за привремено чување), по извршена контрола на документацијата и увид во просториите.

17. Стоката може да биде сместена во просторија за привремено чување најмногу 20 дена од потврдувањето на сместувањето на стоката со статус „Во сместување". По исклучок, зависно од околностите, царинскиот орган може да одобри и продолжување на рокот согласно член 59 од ЦЗ.

## III.1 Просторија за привремено чување

18. Со просторијата за привремено чување може да управуваат лица кои ги исполнуваат условите за одобрување на просторија за привремено чување или царинскиот орган.

19. Одобрение за просторија за привремено чување од точка 16 од ова Упатство, по претходно мислење од надлежен надзорен орган, донесува управникот на надлежна царинарница по местото во кое се наоѓа просторот. Рок за издавање на одобрението е 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

20. Евиденцијата за издадените одобренијата за просторија за привремено чување е во подсистемот МЕОС во СОЦДАД.

21. Во одобрението за привремено чување, се одредува и водење на евиденција за стока која што овозможува следење на движење на стока, дава приказ на моменталната состојба на стоката во однос на рокот на привремено чување и содржи други податоци потребни за навремено спроведување на царински надзор.

22. Во просторијата за привремно чување не може да се спроведува постапка на царинско складирање на стока.

## III.2 Просторија за привремено чување во царински склад

23. Надлежениот царински орган може да определи просторијата за привремено чување да биде одобрена во царински склад од типот А, Ц или Д. Просторијата за привремено чување која е одобрена во царинскиот склад е физички одделена од просториите за кои е дадено одобрение за постапка на царинско складирање.

Оваа просторија мора да биде видно обележана и издвоена од просторот кој е одобрен за царинско складирање.

24. За стоката во привремно чување, држателот на царински склад мора да води посебна евиденција одвоена од евиденција за стока која е ставена во постапка на царинско складирање, како и евиденција која овозможува следење на движење на стока привремено чувана, дава приказ на моменталната состојба на стоката во однос на рокот на привремено чување и содржи други податоци потребни за навремено спроведување на царински надзор.

## III.3 Просторија за привремено чување во царински склад тип Ф

25. Во одобрението за склад од тип Ф, а по претходно мислење од надлежен царински орган, управникот на царинарница може да одобри дел од просторот од складот како простор за привремено чување на стока.

## III.4 Просторија на царински орган за ставање стока на увид и спроведување на царински надзор

26. Во рамките на царинскиот терминал може да се одобри просторија за привремено чување, доколку истата просторно и организациски е соодветна за привремено чување, односно да овозможува правилно чување, земајќи ги предвид нејзините природни својства, како и исполнување на посебни услови кои се бараат со посебни прописи. Стоката може да остане и на превозното средство со кое е ставена на увид на царинска испостава.

27. Овие простории може да се користат во исклучително оправдани случаи (на пример сукцесивни пратки на вонгабаритна стока, специфична стока која бара посебен режим на чување и сл).

28. Во овој случај не е потребно посебно одобрение и за истото одлучува шефот на испоставата каде стоката е ставена на увид,

## III.5 Посебно определен простор и простории

29. Царинскиот орган може да одобри определени простори и простории каде стоката ќе биде ставена на увид, кои ги исполнуваат условите за чување (складирање на стока). Овие простори и простории може да бидат во

транспортните компании, логистички центри, курирски и брзи пошти и простории на производствени капацитети.

## IV. Издавање на одобрение за просторија за привремено чување

30. Просториите за привремено чување мора да бидат одобрени од страна на надлежната Царинарница. Одобрението го донесува управникот на надлежната царинарница. Просторијата за привремено чување се користи за стока и пратки кои се чуваат привремено.

31. Рокот на важење на одобрението за просторија за привремено чување е неограничен.

32. Барањето за добивање на одобрение за просторија за привремено чување покрај поднесувањето во модулот МЕОС, се поднесува и во писмена форма на образец 01.30.34.УП.011.05-ОБ.01.05 Барање за давање на одобрение за просторија за привремено чување или 01.30.34.УП.011.05-ОБ.02.05 Барање за давање на одобрение за просторија за привремено чување - ЗУЈ[3], до надлежниот надзорен орган.

33. Во барањето за одобрување на просторија за привремено чување како и во подсистемот МЕОС треба да бидат наведени следните податоци:
    - идентификација на подносителот на барање;
    - опис на местото кое ќе се употребува како просторија за привремено чување;
    - идентификација на обезбедувањето на стоката во просторијата за привремено чување;
    - идентификација на лицето одговорно за просторијата за привремено чување;
    - листа на стока во просторијата за привремено чување;
    - вредност на стоката во просторијата за привремено чување;
    - број, вид и износ на гаранција претходно одобрена во ГМС модулот од страна на Одделение за наплата за обезбедување на можниот царински долг за стоката во просторијата за привремено чување;

[3] Обрасците од оваУпатство кои се означени со кратенка ЗУЈ ( Закон за употреба на јазиците ) се издаваат/ користат од страна на организационите единици на Царинската управа кои покриваат најмалку една единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат албански јазик и кога странката ( учесникот) во постапката го зборува албанскиот јазик.

- ракување со стоката во просторијата за привремено чување (доколку е побарано);
- вид на евиденција за стоката во просторијата за привремено чување вклучувајќи ја и евиденцијата за следење на износот на царинската гаранција;
- документи од надлежните управни, односно инспекциски органи од кои се гледа дека просториите наменети за привремено чување ги исполнуваат условите за чување на таков вид на стока наведени во барањето, на пример: експлозиви, отрови, лекови, производи од животинско потекло и други;
- согласност од лицето кое управува со просторијата за привремено чување (доколку барањето се однесува за ставање на стока во таква просторија).

34. Кон барањето се приложуваат следните документи кои се неопходни за разгледување и одлучување, и тоа:
    - Решение /извештај од Централниот регистар на РСМ,
    - Нацрт на просторот со обележување на местото каде што точно ќе биде лоцирана просторијата за привремено чување,
    - Скица на околината и технички опис на просториите и елаборат за безбедносниот систем (чуварска служба, систем за влез и излез),
    - Доказ за сопственост или договор за закуп за просториите,
    - Документи од надлежните управни односно инспекциски органи од кои се гледа дека просториите наменети за привремено чување ги исполнуваат условите за чување на таков вид на стока наведена во барањето (на пример експлозиви, отрови лекови, производи од животинско потекло и други),
    - Решение за минимално технички услови што треба да ги исполнува просторијата за привремено чување - издадено од Министерство за економија,
    - Решение за минимално хигиенско-санитарни услови - издадено од Министерство за здравство,
    - Решение за исполнети мерки нормативи и стандарди за заштита при работа – издадено од Министерство за труд и социјална политика,
    - Список на стока која ќе биде сместена во просториите за привремено чување,
    - Известување за планираниот обем на работа за наредниот период од 1 година,

- Извештај доколку во претходниот период било дадено вакво одобрение,
- Извештај за висината на износот на царинскиот долг кој треба да биде обезбеден со соодветната гаранција.

35. По приемот на барањето за одобрување на просторија за привремено чување, шефот на надзорниотермански орган (СНИО) назначува царински службеник кој ќе изврши контрола и увид во просториите, кои подносителот бара да бидат одобрени.

36. Царинскиот службеник проверува дали сите потребни информации за обработка на барањето се доставени од страна на барателот (вклучувајќи ги и сите потребни документи, скици и др.).

37. Доколку се поднесени сите потребни документи и се доставени сите потребни информации, царинскиот службеник со избирање на дејствие „Прифаќање" во модулот МЕОС, го известува барателот за формално прифаќање на барањето во рок од 5 дена од прием на барањето, при што статусот на барањето е „Прифатено".

38. Царинскиот службеник го известува економскиот оператор за иницијална контрола, со цел утврдување дали навистина се исполнети условите за издавање на одобрение. Имено, царинскиот службеник ги испитува предложените места, постапката за евиденција и системот за контрола на стоката. Царинскиот службеник му ги објаснува на економскиот оператор обврските кои треба да бидат исполнети од страна на сите кои имаат пристап до просториите.

39. Доколку кон барањето не се доставени сите потребно документи или доколку царинскиот службеник има потреба од дополнителни податоци, може на барателот да му определи рок во кој истиот треба да го дополни барањето, за што во МЕОС го избира дејствието „Барање за дополнителни податоци". Во овој случај статусот на барањето е „Побарани дополнитени податоци".

40. По комплетирање на барањето, односно по прифаќање на комплетното барање, економскиот оператор се известува за ваквата одлука со избирање на дејствије „Прифаќање" во модулот МЕОС од страна на царинскиот службеник, по што започнува да тече рокот за издавање на одобрение.

41. Надлежниот царински службеник, утврдува дали:
    - Има воспоставен и проверен точен систем за контрола на движење на стока и сметководство,
    - Надзорот и контролата може да се спроведуваат без финансиски и административни оптоварувања,
    - Барателот е способен да ги исполни обврските кои произлегуват од чување на стоката и условите предвидени за чување на таков вид на стоки наведени во барањето на пример експлозиви, отрови, лекови, производи од животинско потекло и други,
    - Предвидената просторија е соодветна во однос на безбедноста, достапност, здравствени услови и сигурност на просториите за чување,
    - Ако барањето вклучува стока која може да претставува опасност или може да ја расипе другата стока или бара посебни простории за чување, просторот мора да биде опремен за чување на таква стока,
    - Просториите не се наменети за продажба,
    - Просториите се управуваат исклучиво од имателот на одобрението,
    - Ги имаат податоците за највисокиот износ на давачки и други надоместоци кои се применуваат на секоја поединечна пратка во последните 12 месеци со цел да се пресмета износот на потребната гаранција.

42. Врз основа на извршена контрола на исполнување на условите за одоборување и изготвено мислење од СНИО, испраќа порака за препорака за издавање на одобрение до управникот на надлежната царинарница. За таа цел ја избира опцијата „Предлог за издавање" по што барањето е во статус „Предлог за одобрување на барање (издавање на одобрение)".

43. Управникот го одобрува барањето во модулот МЕОС во системот СОЦДАД, и статусот на барањето е „Одобрено", како и на образец 01.30.34.УП.011.05-ОБ.05.05 - Одобрение за просторија за привремено чување или 01.30.34.УП.011.05-ОБ.06.05 - Одобрение за просторија за привремено чување - ЗУЈ, даден во прилог на ова упатство.
44. Постапката за измена на одобрение започнува со поднесување на барање за измена на одобрение во кое се наведуваат бараните измени и во електронска форма во СОЦДАД во подсистемот МЕОС. Статусот на одобрението во подсистемот МЕОС е „ Ново барање за измена на издадено одобрение ". Во случај кога се исполнети условите за одобрување на измената, клиент координаторот ја подготвува измената, согласност дава раководителот на надзорниот царински

орган и се одобрува од управникот на надлежната царинарница. Со издавањето на измената на одобрението како што е опишано во точката 43 на ова упатство, барањето во подсистемот МЕОС е во статус „Издадено одобрение".

45. Одобрението за ППЧ се укинува со избирање на дејството „Укинување на одобрението за ППЧ" во модулот МЕОС, кога критериумите за одобрението не биле исполнети во моментот на издавање на одобрението или престанале да се исполнуваат или на барање на имателот на одобрението, за што се изготвува решение на образец Одлуки и решенија или Одлуки и решенија - ЗУЈ од Упатството за изглед и структура на документација во Царинската управа[4].

46. Одобрението за ППЧ се поништува со избирање на дејството „Поништување на одобрение за ППЧ" во модулот МЕОС, кога истото било донесено врз основа на неточни или нецелосни информации доколку барателот знаел или морал да знае за тоа и доколку истото немало да се издаде ако биле доставени точни и целосни информации, за што се изготвува решение на образец Одлуки и решенија или Одлуки и решенија – ЗУЈ од Упатството за изглед и структура на документација во Царинската управа.

## V. Обработка на збирна декларација

47. Збирна декларација за привремено чување, со која се сместува странска стока во одобрена просторија, се поднесува во царинска испостава определена во одобрението.

48. Во СОЦДАД збирната декларација ја поднесува лице кое има одобрение за привремено чување, со електронска порака ENT15A (поднесување на збирна декларација за привремено чување - ЗДПЧ). Тој е одговорен за точноста на податоците, веродостојноста на приложените документи и почитувањето на прописите кои се однесуваат за привремено чување на стоката.

49. При изготвувањето на збирна декларација за привремено чување во СОЦДАД, во секое наименување во полето „Фактурна вредност" задолжително се внесува податок за вредноста на стоката, во полето „Валута на фактурна вредност" се избира валутата, а во полето „Процент на задолжување на гаранција" се бира од листата процентот на задолжувањето кој за акцизна стока изнесува 70%. За

[4] Упатството за изглед и структура на документација во Царинската управа како интерен акт, е објавено во Депозитарот на документацијата на Царинската управа

останата стока, во зависност од вкупниот процент на давачките (увозни и други давачки и даноци), процентот на задолжување може да биде 30%, 18% или 5% од царинската вредност, само доколку imателите на одобрение имаат систем за евиденција од кој произлегува јасна идентификација за видот на стоката.

50. Модулот за привремено чување во СОЦДАД автоматски проверува дали поднесената збирна декларација е во во согласност со дефинираните правила и услови. Доколку декларацијата е неисправна или непотполна, СОЦДАД автоматски ја одбива, а имателот се известува за причината за одбивање на истата со порака ENT16.

51. Доколку декларацијата е во согласност со дефинираните правила и услови истата во СОЦДАД го добива статусот „Прифатена". Декларантот се известува дека декларацијата е прифатена и дека е „Регистрирана гаранција" со порака ENT28A, како и за статус на истата со порака ENT80A.

52. По прифаќање на декларацијата, декларантот ја добива пораката ENT56 со која е известен за документи кои треба да ги прикачи, а се наведени во рубрика 44. Од приемот на оваа порака започнува да тече рок во рамките на кој треба да се прикачат документите, кои преку порака ENT57, се доставуваат до царинската испостава. Доколку истите не се прикачени кон декларацијата во зададениот рок, системот ќе ја одбие збирната декларација за привремено чување.

53. Кон декларацијата се прикачуваат сите документи и исправи наведени во рубрика 44 од предметната декларација, освен одобренија кои се евидентирани во МЕОС. Доставувањето на документи и исправи може да биде побарано од страна на царинскиот службеник по одредување на контрола.

54. По прифаќањето на декларацијата системот врши анализа на ризик, по која царинскиот службеник носи „Одлука за контрола", за што го известува декларантот со порака ENT61 (известување за контрола).

55. Одлуката за контрола се носи од страна на царинскиот службеник, кој одлучува кои наименувања ќе бидат контролирани, а кои нема да бидат контролирани.

56. Врз основа на резултатите од извршената анализа на ризик, како и од специфичноста на случајот и одредени сознанија, или по претходно добиени

насоки царинскиот службеник може да донесе одлука за контрола на стоката и/или документите. Степенот на контрола добиен од модулот за анализа на ризик не смее да се намали. Одлуката за контрола се евидентира во системот за што се известува декларантот (ENT61). По донесување на одлука за контрола, декларацијата во СОЦДАД автоматски преминува во статус „Постапка за контрола", за конкретно наименување за кое ќе се врши контрола, доколку контролата не се спроведува на целата стока опфатена со декларацијата. Во овие случаи декларацијата во порталот за трговци на заглавие останува во статус „Регистрирана гаранција", а во царинскиот портал „Во чување".

57. Резултатите од утврдената фактичка состојба, царинскиот службеник ги внесува во системот и истите може да бидат:
- Без неправилности (А1),
- Мали неправилности (А4),
- Големи неправилности (Б1).

58. Ако со контрола се утврдат поголеми неправилности, царинскиот службеник ги евидентира резултатите од контролата и го известува декларантот дека стоката не може да се смести во просторија за привремено чување (ENT22). За утврдените неправилности се превземаат соодветни мерки согласно важечките прописи.

59. По одлуката да не се врши контрола од страна на царински службеник, имателот на одобрение ја сместува стоката во просторијата за привремено чување (ENT29), при што статусот на декларацијата е „Во сместување".

60. По завршувањето на контролата, имателот на одобрение доставува коментари и забелешки до царинската испостава со порака ENB15 , односно се изјаснува дали стоката која е опфатена во збирната декларација за привремено чување ја примил со разлики или без. Со пораката ENB16 коментарите можат да се отфрлат, или пак да се прифатат што се потврдува со пораката ENB28 и истите се внесуваат во системот, што се потврдува со пораката ENB29. Доколку подносителот на збирна декларација за привремено чување се изјаснил дека стоката ја примил со разлики, царинскиот орган врши контрола со цел утврдување на фактичката состојба за што се известува имателот на одобрението со пораката ENB61. Коментарите можат да бидат дадени и од страна на царинскиот орган.

61. Доколку нема неправилности и разлики, збирната декларација за привремено чување добива статус „Во чување", а секое од наименуванијата добива статус „Во склад". Во статусот „Во склад" количината на стока ставена во привремено чување е расположива за понатамошно постапување.

62. Доколку има разлики помеѓу стоката наведена во збирната декларација за привремено чување и состојбата констатирана при сместувањето на стоката, царинскиот службеник ја утврдува истата и изготвува 01.30.34.УП.011.05-ОБ.03.05 Записник за наод од извршена контрола или 01.30.34.УП.011.05-ОБ.04.05 Записник за наод од извршена контрола – ЗУЈ. Врз основа за записникот во СОЦДАД во збирната декларација врши измена на податоците според наодите во записникот за фактичка состојба, по што стоката повторно добива статус „Во склад".

## VI. Евиденција и надзор

63. Лицето кое има одобрение за просторија за привремено чување должно е да води евиденција која овозможува целосно следење на движењето на стоката и на состојбата на задолженост на гаранцијата. Евиденцијата која ја води имателот на одобрение, царинскиот орган ја одобрува и треба да биде сигурен дека истата ја покажува целосната состојба на стоката од моментот на нејзино внесување во просториите до нејзиното раздолжување и изнесување од просториите. Истиот е должен да доставува до СНИО, пописна листа со временски период на кој се однесува истата, два пати во годината.

64. Евиденцијата на стоката што е сместена во просториите за привремено чување треба да содржи:
   - ознака на просторијата,
   - реден број, датум и час на запишување во евиденција,
   - датум и број на збирната декларација,
   - датум и детали кои ги идентификуваат царински документи во врска со стоката сместена во просторија за привремено чување и сите други документи кои се однесуваат на стоката во привремено чување врз основа на кои се задолжува гаранцијата,
   - вид на превозно средство и регистарскиот број,
   - податоци за примачот на стоката,

- забелешка за евентуално утврдени недостатоци при сместување,
- податоци за стоката ставена /раздолжена од постапка,
- бруто тежина,
- пакување и количина во соодветна единица мерка,
- вид на пакување и точен број на колети и ознаки на колети,
- трговско име на стоката,
- податоци кои овозможуваат надзор врз движењето на стоката во просториите, особено податоци за местото каде што се чува стоката (број на реонот или означеното поле во кое се наоѓа стоката),
- местото каде што се наоѓа стоката во секое време,
- датум и број на царинската декларација за завршување на постапката,
- време (датум и час) на издавање на стоката и лице кое ја издава стоката при завршување на постапката,
- остаток на колети кога стоката не е целосно преземена односно изнесена од просториите,
- моменталната состојба на стока во просториите за привремено чување (податок за колети, тежина, вредност и др).

65. Просториите одобрени од царинскиот орган мора да овозможат целосна структурна безбедност како и безбеден пристап за стоката која ќе се чува во тие простории. Просториите мора да располагаат со соодветна опрема неопходна за манипулација со стоката за утовар и истовар, соодветна опрема за мерење и вагање на стоката така што истата ќе биде постојано одржувана во исправна состојба.

66. Во случај кога се бара во просторот на царински склад да се одобри дел од простор кој ќе се користи за привремено чување на стока во барањето за одобрување на постапка за царинско складирање се наведува дека дел од просторот ќе се користи и за привремено чување на стока.

67. Држателот на царински склад мора евиденцијата за привремено чувана стока да ја води одвоено од евиденцијата за стока ставена во постапка за царинско складирање.

68. Доколку се работи за одвоени простории за ист држател се носат две одлуки и за царинско складирање и за привремно чување.

69. Кога просторија за привремено чување е дел од царински склад има посебен идентификациски број.

70. СНИО врши надзор над правилното спроведување на постапката на сместување на стоката во просториите за привремено чување од страна на имателите на одобренија.

71. СНИО врши следење на издадените одобренија и најмалку еднаш на две години проверка по службена должност на исполнетоста на критериумите од издадените одобренија и континуирано со проверка на резултати од контроли и дополнителни контроли за имателите на одобренија и преземање на соодветни мерки во зависност од резултатите од извршените проверки.

72. За секој имател на одобрение надзорниот царински орган односно клиент координаторот води досие.

73. Износот на гаранцијата мора да го покрива износот на целиот царински долг.

## VII. Преодни и завршни одредби

74. Надлежни за постапување по ова Упатство се сите царински службеници од надлежните царинарници.

75. Надлежни за предлагање на измени и дополнување на ова Упатство се помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците.

76. Надлежни за вршење на контрола на спроведувањето на ова Упатство се раководителите на организационите единици надлежни за постапување.

77. Контрола на спроведувањето на одредбите на ова Упатство може да вршат Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност во рамките на нивните надлежности.

78. Сите непосредни раководители се должни со ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

79. Секое постапување спротивно на одребите на ова Упатство ќе биде предмет на

утврдување на дисциплинска одговорност.

80. Се задолжува Секторот за царински систем веднаш по донесувањето на ова Упатство да го направи достапно за сите вработени и истото да го објави на интранет страницата на Царинската управа согласно со Процедурата за депозитар на документација.

81. Со стапување во сила на ова упатство престанува да важи 01.30.34.УП.011.04 Упатство за привремено чување на стока и збирна декларација бр. 01-049400/19-0004 од 14.03.2023 година.

82. Ова упатство стапува на сила со денот на потпишувањето.

в.д. Директор,
Стефан Богоев

Бр. 01- 049400/19-0005
Скопје, 21-08-2023

Изработил: Гордана Динеска
Одобрил: Офелија Бајо

Записи:
- 01.30.34.УП.011.05-ОБ.01.05 Барање за давање на одобрение за просторија за привремено чување
- 01.30.34.УП.011.05-ОБ.02.05 Барање за давање на одобрение за просторија за привремено чување - ЗУЈ
- 01.30.34.УП.011.05-ОБ.03.05 Записник за наод од извршена контрола
- 01.30.34.УП.011.05-ОБ.04.05 Записник за наод од извршена контрола ЗУЈ
- 01.30.34.УП.011.05-ОБ.05.05 Одобрение за просторија за привремено чување
- 01.30.34.УП.011.05-ОБ.06.05 Одобрение за просторија за привремено чување - ЗУЈ

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна  употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.34.УП.011.05-ОБ.01.05

# Барање за давање на одобрение за просторија за привремено чување

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 Подносител | | Резервирано за царински потреби | |
| 2. Место и вид на книговодство/евиденција | | | |
| 3. Рок на важење на одобрението<br>а.     б. | | | |
| 4.Стока која може да се стави во просторија за привремено чување | | | |
| Тарифна ознака | Опис | Количина | Вредност |
| | | | |
| 5. Царински орган(и) | | | |
| а. | за ставање на стоката во привремено чување | | |
| б. | за завршување | | |
| в. | надзорен орган | | |
| 6. Идентификација | 7. Рок за завршување | 8. Пренесување | |

| |
|---|
| 9. Привремено отстранување.Цел: |
| 10. Дополнителни податоци |
| 11.<br>Потпис.................................... Датум.........................................<br>Име........................................... |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА/REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ/MINISTRIA E FINANCAVE
ЦАРИНСКА УПРАВА/DREJTORIA E DOGANËS

01.30.34.УП.011.05-ОБ.02.05

# Барање за давање на одобрение за просторија за привремено чување/Kërkesë për dhënien e lejes për hapësirë për ruajtje të përkohshme

| | |
|---|---|
| 1 Подносител/Parashtruesi | Резервирано за царински потреби/Rezervuar për nevoja doganore |
| 2. Место и вид на книговодство/евиденција/Vendi dhe lloji i kontabilitetit/evidencës | |
| 3. Рок на важење на одобрението/Afati i vlefshmërisë së lejes<br>a. b. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.Стока која може да се стави во просторија за привремено чување/Malli që mund të vendoset për ruajtje të përkohshme | | | |
| Тарифна ознака/Shenja tarifore | Опис/Përshkrimi | Количина/Sasia | Вредност/Vlera |
| | | | |

| | |
|---|---|
| 5. Царински орган(и)/Organi(et) doganore | |
| a. | за ставање во привремено чување/për vendosje në ruajtje të përkohshme |
| b. | за завршување/për përfundim |
| c. | надзорен орган/organi mbikëqyrës |

| | | |
|---|---|---|
| 6.Идентификација/Identifikimi | 7. Рок за завршување/Afati i përfundimit | 8.Пренесување/Bartja |
| | | |

| |
|---|
| 9.Привремено отстранување.Цел/Heqja e përkohshme. Qëllimi |
| 10. Дополнителни податоци/услови/Të dhënat shtesë/kushtet |
| 11.<br>Потпис/Nënshkrimi.....................................<br>Датум/Data.........................................<br>Име/Emri.........................................  |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
Царинарница xxx

01.30.34.УП.011.05-ОБ.03.05

| Царинарница | | Царинска испостава | | Број | | Датум | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

# ЗАПИСНИК ЗА НАОД ОД ИЗВРШЕНА КОНТРОЛА

| РДБ на збирна декларација | | Датум на прием на стоката | | Број на наиме-нование | | Датум на контрола | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Увозник/ извозник | | | | ЕДБ/ЕМБ | | | |
| Декларант/ Застапник | | | | ЕДБ/ЕМБ | | | |
| Превозник | | | | ЕДБ/ЕМБ | | | |
| Наод од контрола | ☐ без неправилности (А1) | | ☐ мали неправилности (А4) | | ☐ големи неправилности (Б1) | | |

**Доколку не се утврдени неправилности, делот што следи не се пополнува**

**СО ПРЕГЛЕД НА СТОКАТА И ДОКУМЕНТИТЕ ШТО СЕ ВО ПРИЛОГ НА НАВЕДЕНАТА Е УТВРДЕНО:**

**ПОСЛЕ ИЗВРШЕНАТА ПРОВЕРКА НА СТОКАТА, ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И ПРИЛОЖЕНИТЕ ДОКУМЕНТИ Е УТВРДЕНА СЛЕДНАТА СОСТОЈБА:**

| Реден број | Број на колети | Трговски назив на стоката | Количина | Единечна тежина | Вкупна тежина |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

01.30.34.УП.011.05-ОБ.03.05

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Проверката ја извршил царински службеник | | | Матичен број | |
| Имател на Одобрение за ППЧ | | | | |
| Записникот е составен од царинскиот службеник | | | Матичен број | |
| Изјава на декларантот/ застаникот | ☐ се согласувам | ☐ не се согласувам | Потпис на декларантот | Потпис и факсимил на царински службеник |
| Записникот е примен на ден | | | | |
| Име и презиме на декларантот/застапникот | | | | |
| Назив на декларантот/ застапникот | | | (м.п.) декларант | (м.п.) царински орган |

Квадратите пред текстот се пополнуваат со ознаките „x" или „0", односно не се оставаат непополнети.

Со запишување на ознаката „x" во квадратот пред текстот, текстот кој следи по квадратот станува составен дел на записникот.

Со запишување на ознаката „0" во квадратот пред текстот, текстот кој следи по квадратот се исклучува од записникот.

* При документарна контрола ако нема неправилности не се изготвува Записник за наод од извршена контрола

Ако декларантот односно неговиот застапник не се согласува со забелешките од записникот за наод од извршена контрола, може во рок од 8 дена од датумот на прием на записникот, да приложи приговор на записникот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА/REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ/MINISTRIA E FINANCAVE
ЦАРИНСКА УПРАВА/DREJTORIA E DOGANËS
**Царинарница xxx/Pika doganore xxx**

01.30.34.УП.011.05-ОБ.04.05

| Царинарница/Pika doganore | | Царинска испостава/Filiali doganor | | Број/Numri | | Датум/Data | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

## ЗАПИСНИК ЗА НАОД ОД ИЗВРШЕНА КОНТРОЛА/Procesverbal për gjendjen nga kontrolli i kryer

| РДБ на збирна декларација/Numri rendor i deklaratës së përgjithshme | | Датум на прием на стоката/Data e pranimit të mallit | | Број на наименование/Numri emërtimit | | Датум на контрола/Data e kontrollit | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Увозник/Извозник/Importuesi/eksportuesi | | | | ЕДБ/ЕМБ/NVT/NIK | | | |
| Декларант/Застапник/Deklaruesi/përfaqësuesi | | | | ЕДБ/ЕМБ/NVT/NIK | | | |
| Превозник/Transportuesi | | | | ЕДБ/ЕМБ/NVT/NIK | | | |
| Наод од контрола/Gjendja e kontrollit | ☐ без неправилности (А1)/pa parregullsi (A1) | | ☐ мали неправилности (А4)/parregullsi të vogla (A4) | | ☐ големи неправилности (Б1)/parregullsi të mëdha (B1) | | |

**Доколку не се утврдени неправилности, делот што следи не се пополнува/Nëse nuk ka parregullsi, pjesa që vijon nuk plotësohet**

СО ПРЕГЛЕД НА СТОКАТА И ДОКУМЕНТИТЕ ШТО СЕ ВО ПРИЛОГ НА НАВЕДЕНАТА Е УТВРДЕНО/ME KONTROLLIN E MALLIT DHE TË DOKUMENTEVE QË JANË NË SHTOJCË, ËSHTË KONSTATUAR

ПОСЛЕ ИЗВРШЕНАТА ПРОВЕРКА НА СТОКАТА, ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И ПРИЛОЖЕНИТЕ ДОКУМЕНТИ Е УТВРДЕНА СЛЕДНАТА СОСТОЈБА/PAS KRYERJES SË KONTROLLIT TË MALLIT, TË DEKLARATËS DOGANORE DHE TË DOKUMENTEVE TË BASHKËNGJITURA, ËSHTË KONSTATUAR KJO GJENDJE

| Реден број/Numri | Број на колети/Numri i pakove | Трговски назив на стоката/Emërtimi tregtar i mallit | Количина/Sasia | Единечна тежина/Pesha | Вкупна тежина/Pesha e përgjithshme |
|---|---|---|---|---|---|

| rendor | | | | individuale | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Проверката ја извршил царински службеник/Kontrollin e ka kryer nëpunësi doganor | | | Матичен број/Numri i amzës | |
| Имател на Одобрение за ППЧ/Poseduesi i lejes për PPÇ | | | | |
| Записникот е составен од царинскиот службеник/Procesverbali është përgatitur nga nëpunësi doganor | | | Матичен број/Numri i amzës | |
| Изјава на декларантот/Застаникот/Deklarata e deklaruesit/përfaqësuesit | ☐ се согласувам/pajtohem | ☐ не се согласувам/nuk pajtohem | Потпис на Декларантот/Nënshkrimi i deklaruesit | Потпис и факсимил на царински службеник/Nënshkrimi dhe faksimilja e nëpunësit doganor |
| Записникот е примен на ден/Procesverbali është pranuar më | | | | |
| Име и презиме на декларантот/застапникот/Emri dhe mbiemri i deklaruesit/përfaqësuesit | | | | |
| Назив на декларантот/Застапникот/Emërtimi i deklaruesit/përfaqësuesit | | | (м.п.)/(v.v) Декларант/deklaruesi | (м.п.)/(v.v) царински орган/organi doganor |

Квадратите пред текстот се пополнуваат со ознаките „x" или „0", односно не се оставаат непополнети/Katrorët para tekstit plotësohen me shenjat "x" ose "0" përkatësisht nuk lihen të zbrazëta

Со запишување на ознаката „x" во квадратот пред текстот, текстот кој следи по квадратот станува составен дел на записникот/Me shënimin e shenjës "x" në kutinë para tekstit, teksti pasues pas katrorit bëhet pjesë përbërëse e procesverbalit

Со запишување на ознаката „0" во квадратот пред текстот, текстот кој следи по квадратот се исклучува од записникот/Me shënimin e shenjës "0" në katrorin para tekstit, teksti pasues pas katrorit përjashtohet nga procesverbali

* При документарна контрола ако нема неправилности не се изготвува Записник за наод од извршена контрола/Gjatë kontrollit të dokumenteve, nëse nuk ka parregullsi, nuk përgatitet procesverbal për gjendjen nga kontrolli i kryer

01.30.34.УП.011.05-ОБ.04.05

Ако декларантот односно неговиот застапник не се согласува со забелешките од записникот за наод од извршена контрола, може во рок од 8 дена од датумот на прием на записникот, да приложи приговор на записникот/Nëse deklaruesi, përkatësisht përfaqësuesi i tij nuk pajtohet me vërejtjet e procesverbalit për gjendjen e kontrollit të kryer, në afat prej 8 ditëve nga data e pranimit të procesverbalit, mund të dorëzojë kundërshtim të procesverbalit

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
Царинарница xxx

01.30.34.УП.011.05-ОБ.05.05

# Одобрение за просторија за привремено чување

| | |
|---|---|
| | ______________________<br>Број на одобрение |
| 1. Имател на одобрение | Орган кој го издал одобрението |
| 1а. Ова одобрение се однесува на барањето (број и датум) | |
| 2. Место и вид на книговодтсво/евиденција | |
| 3. Рок на важење на одобрението<br>а.      б. | |

| 4. Стока која може да се стави во привремено чување | | | |
|---|---|---|---|
| Тарифна ознака | Опис | Количина | Вредност |
| | | | |

| 5. Царински орган(и) | |
|---|---|
| а. | за ставање во привремено чување |
| б. | за завршување |
| в. | надзорен орган |

| 6.Идентификација | 7. Рок за завршување | 8.Пренесување |
|---|---|---|
| | | |

| |
|---|
| 9.Привремено отстранување.Цел: |
| 10. Дополнителни податоци/услови: |
| 11.<br>Потпис.................................. Датум......................................<br>Име........................................ |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА/REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ/MINISTRIA E FINANCAVE
ЦАРИНСКА УПРАВА/DREJTORIA E DOGANËS
Царинарница xxx/Pika doganore xxx

01.30.34.УП.011.05-ОБ.06.05

# Одобрение за просторија за привремено чување/Leje për hapësirë për ruajtje të përkohshme

| | |
|---|---|
| | ______________<br>Број на одобрение/Numri i lejes |
| 1. Имател на одобрение/Poseduesi i lejes | Орган кој го издал одобрението/Organi i cili e ka lëshuar lejen |
| 1a. Ова одобрение се однесува на барањето (број и датум)/Kjo leje ka të bëjë me kërkesën (numri dhe data) | |
| 2. Место и вид на книговодтсво/евиденција/Vendi dhe lloji i kontabilitetit/evidencës | |
| 3. Рок на важење на одобрението/Afati i vlefshmërisë së lejes<br>a.      b. | |

| 4. Стока која може да се стави во привремено чување/Malli që mund të vendoset në ruajte të përkohshme | | | |
|---|---|---|---|
| Тарифна ознака/Shenja tarifore | Опис/Përshkrimi | Количина/Sasia | Вредност/Vlera |
| | | | |

| 5. Царински орган(и)/Organi(et) doganore | |
|---|---|
| a. | за ставање во привремено чување/për vendosje në ruajtje të përkohshme |
| b. | за завршување/për përfundim |
| c. | надзорен орган/organi mbikëqyrës |

| 6.Идентификација /Identifikimi | 7. Рок за завршување/Afati i përfundimit | 8.Пренесување/Bartja |
|---|---|---|
| | | |

| 9.Привремено отстранување.Цел/Mënjanimi i përkohshëm. Qëllimi |
|---|
| |

| |
|---|
| **10. Дополнителни податоци/услови/Të dhënat shtesë/kushtet** |
| 11.<br>Потпис/Nënshkrimi......................................<br>Датум/Data.......................................... Име/Emri............................................ |